***НЕМОЖНОСТ ЗА ПОНАТАМОШНО ПЛАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈА***

- На договорувачот му се нудат следните опции:

1. ***КАПИТАЛИЗАЦИЈА*** на полисата за осигурување на живот, што значи дека осигурувањето продолжува без понатамошно плаќање на премија, но осигурената сума се намалува според Таблицата за намалени осигурани суми без понатамошно плаќање на премијата.

   Намалувањето на осигурената сума е возможно кај осигурувања со траење од:
   - **14 (четиринаесет) или помалку години,** ако се изминати **2 (две)** години и ако е платена премија **за 2 (две)** години;
   - **15 (петнаесет) или повеќе години,** ако се изминати **3 (три)** години и ако е платена премија **за 3 (три)** години;
   - Со капитализацијата престануваат да важат договорените дополнителни осигурувања.

2. ***ОТКУП*** на полисата за осигурување на живот е дозволен за осигурувања со договорено траење од:
   - **14 (четиринаесет) или помалку години,** ако се изминати **2 (две)** години и ако е платена премија **за 2 (две)** години;
   - **15 (петнаесет) или повеќе години,** ако се изминати **3 (три)** години и ако е платена премија **за 3 (три)** години;
   - Припишаниот удел во добивката се пресметува во откупната вредност на полисата ако е поминато и уплатено премија за минимум 50% до договореното траење на осигурувањето.

- За да може откупот на полисата за осигурување на живот да се сведе на најмалата можна мерка, на договорувачот на осигурувањето на располагање му се низа на можности:
  - **намалување на договорената премија;**
  - **намалување на траењето на осигурувањето;**
  - **можност за замена на осигуреникот;**
  - **одобрување на заеми во висина на откупната вредност на полисата;**
  - **капитализација на полисата;**